HydroBlocker

# RAPID

## Брзоврзувачки малтер

**КАРАКТЕРИСТИКИ И ПОДРАЧЈЕ НА УПОТРЕБА**

**Hydroblocer Rapid** е готова мешавина на база на алуминатен цемент и специјални хемиски додатоци за постигнување на подобра обработливост, брзо врзување, адхезија, висока рана цврстина и водонепропустливост.

Се употребува за заптивање на продор на вода и за санациски работи, каде што мораме многу брзо да постигнеме цврстина: санација на помали проодни површини, отвори, сидрења, залевања, фиксирање на рамки од прозорци, рамки од врати, итн., при нормални, а пред се при ниски температури.

---

**УПАТСТВА ЗА УПОТРЕБА**

**• ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Површините на кои нанесуваме **Hydroblocker Rapid**, мора да бидат цврсти, чисти од прашина, масни дамки, остатоци од корозија, мувли и други нечистотии. Слабо врзаните делови или остатоците од стари премази мораме да ги отстраниме со четкање, брусење или пескарење. Сувите површини пред нанесувањето на малтер мораме темелно да ги натопиме со вода.

**• ПОДГОТОВКА НА МАЛТЕРОТ**

На сувата мешавина **Hydroblocker Rapid** и додаваме при интензивно и брзо мешање вода до адекватната обработливост: 0,20 - 0,25 l вода на 1 kg малтер:

- За заптивање на продор на вода: ca. 0,20 l/kg малтер
- За сидрење и санациски работи: ca. 0,25 l/kg малтер.

Подгответе само онолку малтер колку што можете да потрошите во рок од околу 3 минути.

**Предупредување:**

**Hydroblocker Rapid** се врзува за околу 1 - 3 минути на 20°C. Времето потребно за врзување на повисоки температури се скратува, а на пониски се продолжува, затоа по потреба го регулираме со ладење, односно со затоплување на потребната вода. На времето на врзување и прирастот на брза цврстина влијаат количеството на измешана вода и температурата на воздухот. Кога Hydroblocker Rapid ќе почне да се врзува повеќе не смее да се оформува!

**• НАНЕСУВАЊЕ НА МАЛТЕРОТ**

Помали санации, фиксирања, сидрења:

Малтерот се нанесува со обични рачни ѕидарски алати или со раце (задолжителна употреба на заштитни ракавици). Малтерот мора брзо да се вгради и цврсто да го притиснеме до подлогата.

Заптивање на помали продори на вода:

Пукнатините, сегрегациите, итн. низ кои навлегува вода мора да се поправат до длабочина најмалку од 2 cm и ширина од 2 cm со правоаголна форма или, уште подобро во форма на опаш од ластовичка, но никако не во форма на буквата V. Од подготвениот малтер се прави чеп, кој се држи во раце се додека не се загрее. Тогаш цврсто се втиснува на подготвеното место кое сакаме да го затвориме и го држиме така неколку минути, додека не се врзе малтерот – те додека не се стврдне чепот.

**• НЕГА НА СВЕЖИОТ МАЛТЕР**

По потреба вградениот малтер го натопуваме околу 15 - 30 минути (повисоки температури, впивачки подлоги, ветар, поголемо количество на малтер, итн.)

**• ЧИСТЕЊЕ НА АЛАТОТ И НА ПОМОШНИОТ ПРИБОР**

Сувиот алат и помошниот прибор по работата мора темелно да се измијат со вода.

**ПОТРОШУВАЧКА**
1,7 kg/m2/mm односно 1,7 kg сув малтер за 1 литар влажен малтер

---

**ПАКУВАЊЕ**
• вреќа 25 kg, канта 5 kg, кантичка 1 kg

---

**СКЛАДИРАЊЕ**
Производот мора да се складира во добро затворена амбалажа, во сув проветрен простор, заштитен од оштетување и од влага.
• Во добро затворена, неоштетена амбалажа, складирана во суви простории, рокот на употреба е мин. 12 месеци од датумот на производство.
• По истекот на рокот на употреба, производот може да биде и употреблив, но потребно е да се испитаат оние карактеристики кои се важни за планираната употреба.

---

**БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДУПРЕДУВАЊА**
Поради содржината на цемент малтерот ги надразнува очите и кожата, па во допир со кожата може да предизвика алергиски реакции. Затоа мораме во текот на работата со малтер да користиме заштитни ракавици, како и да спречиме допир со очите (со користење на заштитни очила). Исто така мораме да избегнуваме вдишување на прав. При подолга работа со малтер треба да се носи заштита за респираторните органи.

---

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**
Упатствата се дадени врз основа на нашите истражувања и искуства, меѓутоа, поради специфичноста на условите и начинот на работа препорачуваме претходни проби за секој посебен случај на примена. Бидејќи не можеме да влијаеме на изведувањето на работите, не одговараме за нивниот квалитет!

Техничка информација (08/17)